# Слушам кај шумат...

Пее: ансамбл Танец, http://www.soros.org.mk/konkurs/076/makver/bukite.wav

**А. Подцртајте ги именките кои не се како во песната и поправете ги – ако се членувани, претворете ги во нечленувани, а ако се нечленувани – членувајте ги. Објаснете зошто се јавуваат во таа форма во песната.**

Слушам кај шумат шумите, буките 2х

Слушам кај шумат буките плачат за војводата, капиданот. 2х

Другари верни другари, другари

кога ќе в село појдете, стигнете

кога ќе в село појдете, со коњи да не тропате, не тропате.

Со коњи да не тропате, со пушки да не фрлате, не фрлате.

Да не ве чуе мајка ми старата 2х

да не ве чуе мајка ми, ќе ве праша за мене, аман за мене. 2х

Каде е син ми, Костадин, Костадин 2х

каде е син ми, Костадин, Костадин – војводата, капиданот. 2х

Син ти се бабо ожени, ожени 2х

син ти се бабо ожени, за една Македонка поробена. 2х

**Б. Одговорете на следните прашања:**

1. Што мислите, за која Македонка се оженил Костадин?

2. Што мислите, кога е напишана песната?

© 2008 Macedonian Language E-Learning Center